Политичка партија Левица

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 25.03.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojca: **Итно !** | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 8 | | |

**Д О: АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
*** Совет на АВМУ**
*** Директор:**

**П О Д Н О С И Т Е Л: Политичка партија ЛЕВИЦА**

Политичка партија ЛЕВИЦА
Бр. ИП-117/24
25.03.2024 год.
СКОПЈЕ

**В Р С К А: Нацрт-Упатство за радиодифузери – Ваш бр. 01-1327/1 (20.03.2024)**

За изборна кампања за
за претседателски избори за 2024 година
Бр.
СКОПЈЕ

Врз основа на членот 24 од *Уставот на Република Македонија* (1991); чл. 3, ст. 1 од *Законот за постапување по претставки и предлози* (Сл. весник на РМ бр. 82/2008 и 56/09, 13/13, 156/15, 193/15); чл. 2, ст. 1, чл. 4, ст. 1, ал. 1 и 8, чл. 14 и чл. 138 од *Законот за општата управна постапка* (Сл. весник на РМ бр. 124/2015 и 65/18); како и Вашиот циркуларен мејл од 20 март 2024 година, со наслов *Покана за учество на јавна расправа за Нацрт-Упатство за радиодифузерите за Претседателските и Парламентарните избори 2024*, до Вас – како надлежен орган – ја поднесуваме оваа писмена

# П Р Е Т С Т А В К А
## Приговор со вонсудска опомена пред тужба
## (Реакција на предлогот и правно мислење)

*Почитувани,*

Како опозициона парламентарна политичка партија реагираме по повод Нацртот на новото Ваше скандалозно *Упатство за радиодифузерите за Претседателските и Парламентарните избори 2024* (од 20.03.2024 год.) во врска со произволното и противправно толкување на законските одредби од *Изборниот законик* – и тоа во следново:

1. Правно и номотехнички е невозможно да се донесе едно единствено Упатство за два одделни и сосем различни изборни процеса [!?] – бидејќи станува збор за квалитативно и суштински различни избори (Претседателски и Парламентарни), кои немаат ништо заедничко, освен што се преклопуваат неколку дена од изборната кампања! Бидејќи за *Претседателските избори* важи мнозински систем, со уставен цензус и два круга на гласање во една изборна единица; а за *Парламентарните избори* важи пропорционален изборен систем, со Д'онтов модел на пресметка на мандатите, без никаков цензус и еден круг на гласање во шест изборни единици – Вие сте морале да донесете **две одделни упатства за радиодифузерите** и платеното политичко рекламирање (ППР): едно за Претседателските избори 2024, а друго за Парламентарните избори 2024 – како што, впрочем, и претседателот на Собранието ex lege ги распишал со две одделни решенија, а не со истото.

2. Дополнителен аргумент е што за овие избори важат и **различни законски принципи** за избалансирано покривање на изборниот процес од страна на радиодифузерите и медиумите, и тоа: за *Претседателските избори* важи неприкосновениот принцип на еднаквост на сите кандидати [изрично стипулиран во членот 75-а, став 1, точка а) од Изборниот законик];[1] додека, пак, за *Парламентарните избори* важи принципот на пропорционалност според бројот на потврдените листи на кандидати за пратеници [чл. 75-а, ст. 1, т. б) од ИЗ]!

   Argumentum a fortiori, веќе има и воспоставен претходен **правен преседан** (англ. Case law) на минатите *Претседателски избори 2019*, кога тројцата тогашни кандидати за претседател на Републиката делеа подеднакви делови од рекламниот колач и од буџетските финансиски средства предвидени за ППР – што е сосем исправно, законски и коректно.

[1] „Учесниците во изборната кампања имаат право на рамноправен пристап и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици на пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето" [чл. 70, ст. 2 од Изборниот законик].

3. Одредбата од ***членот 75-ѓ, став 1 на Изборниот законик***,[2] на која се повикувате како законски основ во преамбулата на Вашето контроверзно *Нацрт-Упатство*, е неприменлива за овие конкретни Претседателски избори 2024! Ова од причина што од вкупно седуммината потврдени претседателски кандидати, дури шестмина (со исключок на [redacted] која поднела кандидатура со пратенички потписи) имаат стекнат законски статус и **правен третман на независни кандидати**, согласно Изборниот законик: „*Независен кандидат* е кандидат за избор на претседател на Републиката, пратеник, градоначалник или член на совет кој е поддржан од група избирачи“ (чл. 2, ст. 1, ал. 7 од ИЗ)!!!

   Оттука, ако се повикувате на посочениот чл. 75-ѓ, ст. 1, на кој апсолутно НИКАКО не смеете да се повикате in concreto, бидејќи истиот стриктно фигурира со терминот „**партии**“ (а не „независни кандидати“) – сите овие шестмина независни претседателски кандидати: [redacted] би требало да ги ставите во последната, четврта група (!?) и да делат само 30 секунди во етерот – што е апсурд, сам по себе!

4. Дотолку повеќе, и во самите Решенија од ДИК исправно стои формулацијата дека тие се поддржани од ***група-граѓани***, а не од партии! Оттука, политичката поддршка е едно, но стриктната и прецизна правна формулација со која оперира законот е нешто сосема друго и таа треба дословно да се почитува, како императивна ius cogens

[2] Членот 75-ѓ, ст. 1 гласи: „За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои:
- за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор;
- за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор;
- за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор; и
- за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор“!

норма. Затоа збунува и Вашата тотално погрешна интерпретација од **точка 11** на Нацрт-Упатството, во која велите дека: „Како нарачатели на рекламирањето за Претседателските избори треба да се наведат имињата на кандидатие за претседател... и покрај тоа што договорите за емитување ППР со радиодифузерите ќе ги склучуваат партиите што ги поддржуваат“!?

Дали тоа Вие господа нѐ терате да правиме **тешко кривично дело** „Злоупотреба на средствата за финансирање изборна кампања“ (казниво по чл. 165-а од *Кривичниот законик*),[3] за кое ми е запретена затворска казна од најмалку пет години!? Како, побогу, е можно при постоење на ЕДБ и посебна изборна жиро сметка наменета исклучиво за кандидатот,[4] од која тој по сила на закон МОРА да ги врши сите

[3] Членот 165-а [**Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања**] од Глава XVI [*Кривични дела против изборите и гласањето*] на Посебниот дел на Кривичниот законик гласи: „(1) Организатор на изборната кампања кој со непријавување на изворот на финансии на изборната кампања, со спречување на надзорот над трошењето на планираните средства, со неподнесување на финансиски извештај за потрошените средства, со пречекорување на законските ограничувања на средствата дозволени за изборна кампања, со користење на недозволени средства за изборната кампања, со исплати спротивни на кампањата за финансирање на кампањата или на друг начин го злоупотреби своето со закон определено овластување како организатор на кампањата, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни одговорно лице во правно лице кое нема да пријави донации и други средства за финансирање на изборна кампања, ќе го спречи надзорот над финансирањето или помагањето на друг начин на изборна кампања, нема да поднесе финансиски извештај или ќе даде лажни или непотполни податоци за дадени донации и други средства, ќе ги пречекори законските ограничувања на средствата дозволени за изборна кампања, ќе обезбеди недозволени средства за изборна кампања, ќе исплати средства спротивно на намената за финансирање на кампањата или на друг начин ќе го злоупотреби своето овластување определено со закон.

(3) Тој што спротивно на ограничувањата определени со закон тајно ќе донира за туѓа изборна кампања или кампања за избори во кои самиот учествува со износ кој во поголема вредност го надминува законскиот максимум, ќе се казни со парична казна или затвор до три години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Незаконски обезбедените средства се конфискуваат“.

Чл. 165-б на КЗ [**Задолжително изрекување на казната забрана за вршење на професија, дејност или должност**] вели: „За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој законик судот ќе му изрече на сторителот забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик“.

Чл. 165-в на КЗ [**Задолжително изрекување на казната забрана за користење на средства за финансирање на политички партии**] вели: „За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој законик, судот ќе му изрече на сторителот забрана за користење на средства за финансирање на политички партии под условите од членот 96-в став (1) на овој законик“

[4] „Заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања,политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат, пред надлежниот орган задолжително обезбедуваат ЕДБ со назнака за изборна кампања и кај носител на платен промет во Република Македонија отвораат трансакциска сметка

уплати и исплати во врска со кампањата – вие, со подзаконски акт, да нè терате, спротивно на закон и на здрав разум, да плаќаме и да склучуваме договори од нашата партиска сметка за друг „независен кандидат“, кога тоа изрично ни е забрането и истото е казниво по закон!?[5]

Дали има некој писмен правник во Вашите служби да Ве посоветува дека ова е надвор од секаква здрава логика, но и надвор од законот (лат. contra legem) – при постоење на посебна сметка на кандидатот, партијата да склучува договори со медиумите [!?], кога истата нема и не може да има признаен правен статус на „**Учесник во изборната кампања**“[6] на *Претседателските избори 2024* [туку само на Парламентарните]!

5. И конечно, имате [не]намерна грешка и при вака поставената **распределба на минутажата** која законски ни следува. Впрочем, исто како и на претходните *Локални избори 2021* кога се обидовте да протуркате слично вакво контроверзно Упатство, па потоа ретериравте – Ве известуваме дека единствени две партии кои го исполнуваат овој екплицитен законски услов е Политичката партија ЛЕВИЦА (со 2 пратеника) и Политичката партија ДПА – Демократска партија на Албанците (со 1 пратеник) коишто на последните предвремени *Парламентарни избори 2020* настапуваа самостојно, како засебни ентитети и правни субјекти, и освоија под пет мандати – колку што, според чл. 33, ст. 2 од Деловникот на Собранието на РМ, треба за основање на пратеничка група!

   Значи, не може кој има раскол во партијата Алијанса на Албанците и чиишто пратеници гласаа за избор на оваа Влада, каде што партијата АА има дури тројца актуелни министри –

со назнака за изборна кампања и истите не може да се користат за друга намена“ [чл. 71, ст. 1 од ИЗ].

„Кога трансакциска сметка е отворена од страна на носителот на независната листа од група избирачи, односно лицата кои имаат намера да се кандидираат, потписник на трансакциска сметка е носителот на независната листа или лице овластено од него“ [чл. 71, ст. 5 од ИЗ].

„Сите средства наменети за финансирање на изборната кампања се уплатуваат на трансакциската сметка од ставот (1) на овој член и сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на таа сметка“ [чл. 71, ст. 10 од ИЗ].

[5] „Политичката партија може да врши пренос од трансkациската сметка од ставот 1 на овој член само на основната трансакциска сметка на политичката партија“ [чл. 71, ст. 7 од ИЗ].

[6] „’Учесник во изборна кампања’ е овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи кои ја организираат изборната кампања“ [чл. 2, ст. 1, ал. 14 од ИЗ].

вие, спротивно на законските дефиниции, да го третирате како „опозиција“[7] и истиот да дели колач во втората група за ППР; а ниту пак може чијшто единствен пратеник од ГРОМ – делува во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова на Македонија“[8] (потпишан под реден број 44) своеволно и илегално да го „шверцате“ и да го класифицирате во третата група за ППР, која е загарантирана за партии кои немаат свои пратенички групи во Собранието на РМ – узурпирајќи ни го, на тој начин, и онака малото време за медимско рекламирање!

***

Надминувањето на оваа незаконска ситуација во која сакате да нè втурнете ја гледаме во следново:

- Да донесете **две одделни упатства** за радиодифузери, во кој за Претседателските избори вкупното време на ППР од 9:30 минути ќе го поделите рамноправно на сите 7 кандидати (*по 81,5 секунди за секој поединечно);
- Во второто Упатство за Парламентарните избори стручно, законски и **правилно да ја пресметате минутажата** за ППР, за минутите/секундите кои ни следуваат во сите „четири пакети“, за да не мораме пак вака писмено да интервенираме по којзнае кој пат.

*

НАПОМЕНА: Со надеж дека овојпат ќе наидеме на професионалност и разбирање од Ваша страна, стоиме на располагање за дополнителни правни консултации на темава. Во спотивно, доколку не наидеме на корегирање на Вашето постапување согласно законот, Ве известуваме дека – како директно оштетена странка во значителен [милионски] износ – ќе бидеме принудени против Вас да ги преземеме следниве правни постапки, средства и дејствија:

1) Поднесување итна **Претставка / Иницијатива за заштита на уставноста и законитоста** против *Упатството за радиодифузери на АВМУ* пред Уставниот суд на РМ, со барање за изрекување „времена мерка“ и носење

[7] „'Опозицијата' ја сочинуваат политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови“ [чл. 2, ст. 1, ал. 10 од ИЗ].

[8] „'Коалиција' е здружување врз основа на договор на две или повеќе регистрирани политички партии за заедничко настапување за време на одржување на избори“ [чл. 2, ст. 1, ал. 12 од ИЗ].

поединечно <u>Решение за запирање на извршувањето на сите поединечни акти и дејствија</u> кои од него произлегуваат;

2) Поднесување **Предлог за изрекување привремена мерка** за судска забрана на исплата на буџетското финансирање <u>на сите учесници во изборниот процес</u>, сè до конечното разрешување на ова правно прашање – пред стварно и месно надлежниот основен суд;

3) Поднесување **кривични пријави за „Злоупотреба на службената положба и овластување“** против сите членови на ДИК и АВМУ + членови на Советот на АВМУ + Директорот на АВМУ, т.е. раководителите во АВМУ поименично – до Основното јавно обвинителство Скопје или ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција [сторена од службени лица]; и

4) Поднесување **граѓанска тужба за оштета во имотен облигационен спор** против сите одговорни службени лица (по име и презиме) кои ќе гласаат за носењето на ваквото противзаконито Упатство, со барање за елективна <u>солидарна одговорност за надомест на материјална штета</u>, согласно *Ценовникот на радиодифузерите* за тарифата за секоја испуштена секунда рекламно време која евентуално би ни била одземена, а ни следува и ни е законски загарантирана, согласно Изборниот законик.

ПРИЛОЗИ: Во прилог на овој наш поднесок – како материјални докази – Ви ги доставуваме следниве документи:

(1) **официјална кореспонденција** (писмено *Известување за основање пратеничка група бр. 08-2789/1* од 2.09.2020) прибавена од Кабинетот на Претседателот на Собранието на РМ, од која се гледа дека <u>пратеникот</u> <u>од ГРОМ</u>, во Собранието на РМ, официјално делува во рамки на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова на Македонија“ – што значи, de iure и de facto, партијата ГРОМ никако не може да влезе во распределба на пакетот кој е законски резервиран за партии без пратенички групи;

(2) Принт-скрин од **персоналното досие на пратеникот** од ГРОМ од официјалниот веб-сајт на Собранието на РМ (www.sobranie.mk) – каде се гледа неговата припадност на Коалицијата „Обнова за Македонија“;

(3) **Решение од ДИК бр. 09-933/2 за потврдување на Листа на кандидат за претседател** издадена на име на физичкото лице „поддржана од најмалку 10.000 избирачи“ (а не од политичка партија);

(4) **Доказ за обезбеден ЕДБ** со назнака „за изборна кампања" на име (издаден од Централен регистар: *Заклучок* + *Тековна состојба*);

(5) **Доказ за отворена посебна трансакциска сметка** со назнака „за изборна кампања" (*Потврда* од Комерцијална банка);

(6) **Потврда за упис во Регистарот на вистински сопственици**;

(7) **Тековна состојба** за вистински сопственик.

С к о п ј е
25.III.2024

***П о д н о с и т е л:***
ПП ЛЕВИЦА
**Застапник по закон / претседател:**

(*Пратеник во Собранието на РМ*)

ВМРО - ДПМНЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 02. 09. 2020 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 27891 | 1 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

**ПРЕДМЕТ: Основање на пратеничка група**

Врз основа на член 33 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ве известуваме дека долупотпишаните пратеници основаат пратеничка група на „ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова на Македонија““.

За координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова на Македонија“ се определува пратеникот

За заменици на координаторот се определуваат пратениците

| БР. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| 5. | |
| 6. | |
| 7. | |
| 8. | |
| 9. | |
| 10. | |
| 11. | |
| 12. | |
| 13. | |
| 14. | |
| 15. | |
| 16. | |
| 17. | |
| 18. | |
| 19. | |
| 20. | |
| 21. | |
| 22. | |
| 23. | |
| 24. | |
| 25. | |
| 26. | |
| 27. | |
| 28. | |
| 29 | |
| 30. | |
| 31. | |

| |
|---|
| 32. |
| 33. |
| 34. |
| 35. |
| 36. |
| 37. |
| 38. |
| 39. |
| 40. |
| 41. |
| 42. |
| 43. |
| 44. |

| | |
|---|---|
| **Коалиција** | ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова за Македонија" |
| **Изборна единица** | 1 |

## Членство во работни тела

- Комисија за финансирање и буџет  Заменик-член/Заменик-членка
- Комисија за надворешна политика  Заменик-член/Заменик-членка
- Комисија за транспорт, врски и екологија  Заменик-член/Заменик-членка
- Анкетна комисија за скандалот во ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија  Член/Членка на комисија
- Национален совет за евроинтеграции  Член/Членка на комисија
- Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците  Член/Членка на комисија
- Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање
  Претседател/Претседателка на комисија

**Веб-страницата на Собранието користи колачиња (cookies).**

Колачињата се користат за подобрување на Вашето корисничко искуство.

Поставки  Прифати ги сите

**Образец број 6а**
**член 67 став 3**
**од Изборниот законик**

Врз основа на член 67 став (3) од Изборниот законик (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 25/17, 38/18, 99/18, 140/18, 27/19, 98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21 и 58/24) Државна изборна комисија на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.03.2024 година, во состав

донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Листата на кандидат за Претседател на Република Северна Македонија поднесена по предлог од - **најмалку 10.000 избирачи СЕ ПОТВРДУВА.**

бр. 09-933/2
Скопје
21.03.2024
**( место и дата )**

**М.П**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Државната изборна комисија**

**(име,презиме и своерачен потпис)**

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Државната изборна комисија**

**(име,презиме и своерачен потпис )**

**Членови**
**на Државната изборна комисија**

1.
2.
3.
4.
5.

**(име,презиме и своерачен потпис )**

13.03.2024

**Деловоден број:**

ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, преку Регистраторот за упис на Постапувајки по барање бр. 0804-8/369 од 12.03.2024 година за исправка на податоци во правен основ за обезбедување на податоци на За изборна кампања за за претседателски избори за 2024 година, со примена на член 4, 21, 30, 39 и 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Сл.в.на РМ бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15, 53/16 и Сл.в.на РСМ бр. 98/19 ,122/21, 215/21) а во врска со член 71 од Изборниот законик(Службен весник на РМ 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и Сл.в.на РСМ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21)., го донесе следниот:

# ЗАКЛУЧОК

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | |

| **Деловодник** | |
|---|---|
| **Прием на пријавата:** | |
| **Вид на упис:** | |
| **Одобрување на пријавата:** | |
| **Деловоден број:** | |
| **Начин на доставување:** | |

| | |
|---|---|
| **Целосен назив на Субјектот на Упис:** | |
| **Кратко име:** | |

| **Видови на промени** |
|---|
| *Друго* |

| **Дополнителни Информации** | |
|---|---|
| **Правен основ што се корегира:** | |
| **Деловоден број што се корегира:** | |

13.03.2024

1. Жалбата не го одлага извршувањето на заклучокот , согласно чл. 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Сл. весник на РМ 84/05).

2. Решено во Централен регистар на Република Северна Македонија на ден 13.03.2024 година.

3. Упатство за правно средство:
Против овој заклучок може да се изјави жалба во рок од 3 дена од денот на приемот на заклучокот до Комисијата за жалби преку Централниот Регистар на Република Северна Македонија, Регионална регистрациона канцеларија Скопје.

Овластено лице за регистрација:

Датум и време на прием

___________________________________

Потпис и печат

13.03.2024

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | [redacted] |

| | |
|---|---|
| **Целосен назив на Субјектот на Упис:** | [redacted] |
| **Кратко име:** | [redacted] |
| **Седиште:** | [redacted] |
| **Вид на субјект на упис:** | [redacted] |
| **Акт:** | [redacted] |
| **Датум на основање:** | [redacted] |
| **Времетраење:** | [redacted] |
| ***Вид на сопственост:** | [redacted] |
| **Единствен даночен број:** | [redacted] |
| **Големина на субјектот:** | [redacted] |
| **Организационен облик:** | [redacted] |
| **Надлежен регистар:** | [redacted] |
| **Деловен статус:** | [redacted] |

## Дејности

| | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | [redacted] |

## Овластувања

### Овластени лица

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | [redacted] |
| **Име:** | [redacted] |
| **Адреса:** | [redacted] |
| **Овластувања:** | [redacted] |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | [redacted] |
| **Име:** | [redacted] |
| **Адреса:** | [redacted] |
| **Овластувања:** | [redacted] |

## Дополнителни Информации

| | |
|---|---|
| **КОНТАКТ:** | |
| **E-mail:** | [redacted] |

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

13.03.2024

Овластено лице за регистрација:

Потпис и печат

Комерцијална
банка

Бр.
Скопје 15 -03- 2024

# *ПОТВРДА*

**за отворена платежна сметка во денари за**
**претседателски избори 2024 година**
**во Комерцијална Банка АД Скопје**

Комерцијална банка АД Скопје потврдува дека политичката партија/коалицијата/носител на независна листа од група избирачи-односно лице **За изборна кампања за** **тковска за претседателски избори за 2024 година** на ден **15.03.2024** има отворено платежна сметка во денари за претседателски избори за 2024 во Република Северна Македонија, во Банката со број на сметка

Потврдата се издава по нивно барање, а служи како доказ за отворена платежна сметка во денари за претседателски избори за 2024 година.

**Комерцијална Банка АД Скопје**

/Електронски издаден документ/

## ПОТВРДА ЗА УПИС
## ВО РЕГИСТАРОТ НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ

| ПОДАТОЦИ ЗА УПИСОТ | |
|---|---|
| **Деловоден број:** | [redacted] |
| **Тип на упис:** | [redacted] |
| **Датум и време на поднесување:** | [redacted] |
| **Име и презиме на подносител:** | [redacted] |

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | |
| **Целосен назив:** | |
| **Седиште:** | |
| **Организационен облик:** | |
| **ЕДБ:** | |
| **Датум на упис во ТР/РДПЛ:** | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ВИСТИНСКИТЕ СОПСТВЕНИЦИ

### НОВОЗАПИШАН ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИК

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | [redacted] |
| **Име и презиме:** | |
| **Адреса на живеалиште:** | |
| **Држава:** | |
| **Датум на раѓање:** | |
| **Државјанство:** | |

| Индикаторот е: | Тип на индикатор: | Почетен датум на важење: | Краен датум на важење: | Процентуален износ на уделот, акциите или правото на глас/Својство: |
|---|---|---|---|---|
| Нов | Физичко лице кое на друг начин остварува контрола на правното лице | | / | Овластено лице |

### НОВОЗАПИШАН ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИК

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | [redacted] |
| **Име и презиме:** | |
| **Адреса на живеалиште:** | |
| **Држава:** | |
| **Датум на раѓање:** | |
| **Државјанство:** | |

| Индикаторот е: | Тип на индикатор: | Почетен датум на важење: | Краен датум на важење: | Процентуален износ на уделот, акциите или правото на глас/Својство: |
|---|---|---|---|---|
| Нов | Физичко лице кое на друг начин остварува контрола на правното лице | | | Овластено лице |

Датум и време:

/Електронски издаден документ/

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА
## НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ НА СУБЈЕКТ

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| ЕМБС: | [redacted] |
| Целосен назив: | |
| Статус: | |
| Седиште: | |
| Организационен облик: | |
| ЕДБ: | |
| Датум на упис во ТР/РДПЛ: | |

| ПОДАТОЦИ ЗА ВИСТИНСКИТЕ СОПСТВЕНИЦИ | | |
|---|---|---|
| ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИК | | |
| ЕМБГ: | | |
| Име и презиме: | | |
| Адреса на живеалиште: | | |
| Држава: | | |
| Датум на раѓање: | | |
| Државјанство: | | |
| Тип на индикатор: | Почетен датум на важење: | Процентуален износ на уделот, акциите или правото на глас/Својство: |
| Физичко лице кое на друг начин остварува контрола на правното лице | | Овластено лице |

Број:



Верификација

| ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИК | | |
|---|---|---|
| **ЕМБГ:** | | |
| **Име и презиме:** | | |
| **Адреса на живеалиште:** | | |
| **Држава:** | | |
| **Датум на раѓање:** | | |
| **Државјанство:** | | |
| **Тип на индикатор:** | | |
| Физичко лице кое на друг начин остварува контрола на правното лице | | Овластено лице |

Напомена: Оваа информација е издадена при упис во регистарот на вистински сопственици со деловоден број